Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

**за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2025 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија.

## II. ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, како и со одредени домашни и странски донации.

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| **Ред бр.** | **ВИД НА ОБЈЕКТ** | **денари** |
|---|---|---|
| | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 160 000,00 |
| 1. | Реставрација на фасада на **"Сеизов" конак** во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |

| Ред. бр. | **II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија** | |
|---|---|---|
| 1. | Оддржување и заштита на спомен обележјата | **40 000,00** |
| | **ВКУПНО:** | 200 000,00 |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на Општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.09-1604/1
26.12.2024
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
**с.р.**